**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-394
18.12 **2020 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 и член 13 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а во врска со член 55 ставови 5, 6 и 7 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4311/1 од 25.11.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од страна на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, односно поради тоа што пласирањето на производи не е во согласност со членот 55 од истиот Закон, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година согласно Заклучокот арх.бр.02-4556/8 од 17.12.2020 година, го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, заради извршена повреда на член 55 ставови 5, 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а казнива по член 148 став 1 точка 9 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, емитуван на 2-ри ноември 2020 година, изданието на забавната емисија „Венчавка од А до Да" од странска (српска) продукција, емитувано во периодот од 19:16:30 часот до 19:45:45 часот, не беше обележено со соодветна сигнализација за програма што содржи пласирање производи, а во составот на аудиовизуелната целина има три засебни прилози со кои им се придава претерана важност (истакнување или упатување) на производи и услуги од фирмите: „Златара Филигран", „Јасна - студио за убавина" и „Горење", и тоа:

- првиот прилог „Златара Филигран", емитуван е во периодот од 19:24:15 до 19:27:20 часот, реализиран како саемски промотивен разговор со претставник на златарницата;
- вториот прилог „Јасна - студио за убавина", емитуван е во периодот од 19:30:25 до 19:34:35 часот, монтажен спој од разговор со дистрибутер на апарати / сонди за козметички третмани и видео промоција на медицинските, дијагностичко - технички капацитети на козметичкото студио и
- третиот прилог „Горење", емитуван е во периодот од 19:39:00 до 19:43:20 часот, наративен маркетиншки облик на комерцијална комуникација.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по датум на прекршување, наслов на емисијата и засебните прилози во рамките на емисијата, период на емитувањето (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4311/1 од 25.11.2020 година (кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1).

2.МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Упатството за примена на одредбите за пласирање производи.

3.По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4.Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Членот 55 ставови 5, 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пропишува дека во програмите кои содржат пласирање на производи треба да биде јасно означено дека се работи за програма во која има пласирање на производи. Овие програми мора да бидат соодветно означени на почетокот и на крајот на програмата и при продолжување на програмата по секоја пауза за рекламирање, со цел да се избегне забуна кај гледачите (став 5). Програмите кои содржат пласирање на производи не смеат директно да поттикнуваат купување или изнајмување стоки или услуги, особено преку нивно посебно промотивно препорачување (став 6). Во програмите кои содржат пласирање на производи не смее да му се придава претерана важност (истакнување или упатување) на производот за кој станува збор (став 7).

Со Упатството за примена на одредбите за пласирање производи донесено од страна на Агенцијата, арх.бр.01-6700/1 од 30.12.2014 година, подетално се пропишува начинот на примена на одредбите за пласирање производи и се даваат подетални насоки на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги за примена на одредбите за пласирањето производи.

Согласно точка 21 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, програмите кои содржат пласирање производи не смеат, преку нагласено промовирање или препорачување, директно да ги поттикнуваат потрошувачите да ги купуваат или изнајмуваат производите или услугите. На производите или услугите кои се пласираат во програмите не смее да им се придава претерана важност, преку истакнување или упатување на нив.

Во точка 22 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи е наведено дека иако некој производ, марка, име или заштитен знак се прикажани во програмата, сепак нивното изложување или споменување не смее да се прави на неприроден, прекумерен, или нападен начин со што видливо се промовира производот, услугата или марката.

Согласно точка 23 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, водителите на програмите во кои се пласираат производи или услуги треба да избегнуваат да зборуваат со пофалби за квалитетот, цената или достапноста на производите или

услугите, како и да даваат какви било позитивни оценки и препораки со кои се наведуваат потрошувачите да ги купуваат или изнајмат пласираните производи или услуги.

Согласно точка 24 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, оценката за тоа дали во програмата има директно поттикнување или прекумерно истакнување на некој производ или услуга, се утврдува во секој одделен случај, врз основа на кој било од следниве критериуми: карактеристиките на пласирањето, на пример: просторот што е издвоен на екранот или во студиото; траењето и зачестеноста на споменувањето или прикажувањето; целисходноста и оправданоста на споменувањето или прикажувањето од аспект на уредувачкиот концепт на конкретната програма и јазикот што се користи при споменувањето односно визуелните средства при прикажувањето.

Согласно точка 29 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, доколку давателот на аудиовизуелна медиумска услуга емитува странска програма во која се пласирани производи, но тоа не е означено, заради заштита на своите корисници е должен да ги означи пласираните производи, без оглед што нема финансиски интерес од него. Графичкиот изглед на логото и содржината на текстот што треба да се истакнат на ТВ екранот од страна на ТВ програмите кои содржат пласирање производи е пропишан во точка 26 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 25-ти ноември 2020 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, емитуван на 2-ри ноември 2020 година, на локално ниво, при што констатираше прекршување на член 55 ставови 5, 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со надзорот извршен од страна на Агенцијата, констатирано е дека на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, емитуван на 2-ри ноември 2020 година, изданието на забавната емисија „Венчавка од А до Да“ од странска (српска) продукција, емитувано во периодот од 19:16:30 часот до 19:45:45 часот, не беше обележено со соодветна сигнализација за програма што содржи пласирање производи, а во составот на аудиовизуелната целина има три засебни прилози со кои им се придава претерана важност (истакнување или упатување) на производи и услуги од фирмите: „Златара Филигран“, „Јасна - студио за убавина“ и „Горење“, и тоа: првиот прилог „Златара Филигран“, емитуван е во периодот од 19:24:15 до 19:27:20 часот, реализиран како саемски промотивен разговор со претставник на златарницата; вториот прилог „Јасна - студио за убавина“, емитуван е во периодот од 19:30:25 до 19:34:35 часот, монтажен спој од разговор со дистрибутер на апарати / сонди за козметички третмани и видео промоција на медицинските, дијагностичко - технички капацитети на козметичкото студио и третиот прилог „Горење“, емитуван е во периодот од 19:39:00 до 19:43:20 часот, наративен маркетиншки облик на комерцијална комуникација.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по датум на прекршување, наслов на емисијата и засебните прилози во рамките на емисијата, период на емитувањето (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4311/1 од 25.11.2020 година (кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1).

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово на 27.11.2020 година, испрати допис – Доставување писмен извештај од надзор за изјаснување Уп1 бр.03-394 од 27.11.2020 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4311/1 од 25.11.2020 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во предвидениот рок, односно на 07.12.2020 година и 09.12.2020 година, ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, до Агенцијата достави Писмено изјаснување Уп1 бр.03-394 од 07.12.2020 година со дополнување Уп1 бр.03-394 од 09.12.2020 година. Советот на Агенцијата на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното Писмено изјаснување Уп1 бр.03-394 од 07.12.2020 година со дополнување Уп1 бр.03-394 од 09.12.2020 година, при што заклучи на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 и член 13 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 55 ставови 5, 6 и 7 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4311/1 од 25.11.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година согласно Заклучокот арх.бр.02-4556/8 од 17.12.2020 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Заменик на Претседателот на Советот,**

**д-р Милаим ФЕТАИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

- Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4311/1 од 25.11.2020 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово;
- Управителот на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово;
- Одговорното лице на програмата во ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

[illegible]
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), се доставува:

25. 11. 2020
10 4311/1

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Вид надзор: Редовен;

2. Субјект на надзорот: Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово;

3. Период опфатен со надзорот: 2 ноември 2020 година;

4. Датум на извршување на надзорот: 25 ноември 2020 година;

5. Предмет на надзорот:

   - Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - Правилник за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);
   - Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - Упатство за примена на одредбите за пласирање производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.201/14);
   - Правилник за спонзорство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);
   - Правилник за нови рекламни техники („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);
   - Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);

Член [illegible] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (емитување игри на среќа).

6. Претходно изречена мерка: Нема;

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот надзор врз програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, емитуван на 2 ноември 2020 година, на локално ниво, констатирано е прекршување на членот 55 ставови 5, 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (*- ако програмата содржи пласирање производи тоа треба да биде јасно означено; - не смее директно да се поттикнува купување или изнајмување стоки и услуги; - на производот не смее да му се придава претерана важност*).

Забавната емисија „*Венчавка од А до Да*" е од странска (српска) продукција, необележана со предупредувачките ознаки за „пласирање производи" чиј графички изглед е пропишан според подзаконскиот акт - *Упатство за примена на одредбите за пласирање производи*, а примената во вакви случаи посебно е нагласена во точката 28:

- *Доколку давателот на аудиовизуелната медиумска услуга емитува странска програма во која се пласирани производи, но тоа не е означено, заради заштита на своите корисници е должен да ги означи пласираните производи, без оглед што нема финансиски интерес од него.*

Во составот на емисијата „Венчавка од *А* до *Да*", издание од 2 ноември 2020 година, има три засебни, за аудиовизуелната целина релативно долги прилога направени со промотивни цели за фирмите: „*Златара Филигран*", „*Јасна - студио за убавина*" и „*Горење*", што е спротивно на членот 55 ставови 5, 6 и 7 од ЗААВМУ, и на насоките од точките: 21, 22, 23 и 24 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, опфатени под заеднички поднаслов – „*Забрана за директно поттикнување или прекумерно истакнување:*

- Во точката 21 е наведено дека програмите кои содржат пласирање производи не смеат, преку нагласено промовирање или препорачување, директно да ги поттикнуваат потрошувачите да ги купуваат или изнајмуваат производите или услугите. На производите или услугите кои се пласираат во програмите не смее да им се придава претерана важност, преку истакнување или упатување на нив;
- Во точката 22 е наведено дека иако некој производ, марка, име или заштитен знак се прикажани во програмата, сепак нивното изложување или споменување не смее да се прави на неприроден, прекумерен, или нападен начин со што видливо се промовира производот, услугата или марката;
- Во точката 23 е наведено дека водителите на програмите во кои се пласираат производи или услуги треба да избегнуваат да зборуваат со пофалби за квалитетот, цената или достапноста на производите или услугите, како и да даваат какви било позитивни оценки и препораки со кои се наведуваат потрошувачите да ги купуваат или изнајмат пласираните производи или услуги;

[illegible] директно поттикнување или прекумерно промовирање на некој производ или услуга, се утврдува во секој одделен случај, врз основа на кој било од следниве критериуми:

- карактеристиките на пласирањето, на пример: просторот што е издвоен на екранот или во студиото;
- траењето и зачестеноста на споменувањето или прикажувањето;
- целисходноста и оправданоста на споменувањето или прикажувањето од аспект на уредувачкиот концепт на конкретната програма;
- јазикот што се користи при споменувањето, односно визуелните средства при прикажувањето.

Првиот прилог е реализиран како саемски промотивен разговор со претставник на златарницата, вториот е монтажен спој од разговор со дистрибутер на апарати / сонди за козметички третмани и видеопромоција на медицинските, дијагностичко-технички капацитети на козметичкото студио, а третиот прилог е наративен маркетиншки облик на комерцијална комуникација. Оттаму, освен пропустот да се обележи емисијата со соодветните предупредувачки ознаки за „пласирање производи", посочените - *содржина и монтажен склоп* - на споменатите три прилога, претставуваат и - прекумерно промовирање стоки и услуги.

02.11.2020 година

| Наслов на емисијата | Период на емитувањето | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| „Венчавка од А до Да" – забавна емисија; | почеток | крај | *Изданието на емисијата не е обележано со соодветна сигнализација за програма што содржи пласирање производи, а во аудиовизуелната целина има три прилога со кои им се придава претерана важност (истакнување или упатување) на производи и услуги од фирмите: „Златара Филигран", „Јасна - студио за убавина" и „Горење";* |
| | 19:16:30 | 19:45:45 | |
| *Засебни прилози во рамки на емисијата* | | | |
| *„Златара Филигран"* | 19:24:15 | 19:27:20 | |
| *„Јасна - студио за убавина"* | 19:30:25 | 19:34:35 | |
| *„Горење"* | 19:39:00 | 19:43:20 | |

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на членот 55 ставови 5, 6 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, емитуван на 2 ноември 2020 година, емисијата „Венчавка од А до Да" не беше обележана со соодветна сигнализација за програма што содржи пласирање производи, а им беше придадена претерана важност (истакнување или упатување) на производи и на услуги од фирмите: „Златара Филигран", „Јасна - студио за убавина" и „Горење".

Предлог мерки

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за преземање мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Упатството за примена на одредбите за пласирање производи; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*